## *ВРХОВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*

# И З В Е Ш Т А Ј
# ЗА РАБОТАТА НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2008 ГОДИНА

Скопје, март 2009 година

# ВОВЕД

Врховниот суд на Република Македонија, како највисок суд во Републиката, согласно Уставот на Република Македонија и Законот за судовите, своите функции и надлежности во текот на 2008 година ги вршеше со одлучување по вонредните правни лекови во кривичната, граѓанската и управната област. Со новата надлежност согласно Законот за судовите и Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите, Врховниот суд на Република Македонија одлучуваше и по барања за заштита на правото на судење во разумен рок, во прв и втор степен.

Во исполнување на уставните и законските надлежности, Претседателот и сите судии на Врховниот суд на Република Македонија, учествуваа во работењето на советите и на Општата седница на Врховниот суд на Република Македонија, како и во други активности согласно со законот, насочени кон поефикасна примена на Уставот, законите и ратификуваните меѓународни договори.

Обемот и интензитетот на работата на Врховниот суд на Република Македонија е изразен преку податоците за постапување по конкретни предмети во текот на целата година за Одделот за казниви дела, Одделот за граѓански дела и податоци за работата на специјализираните совети.

Прикажани се и други активности и мерки, што беа преземени во Судот, како највисок суд во Републиката.

## I. ПРЕДМЕТНО ОДЛУЧУВАЊЕ

Врховниот суд на Република Македонија во 2008 година постапувал по вкупно **4.166** предмети од сите видови предмети од надлежност на Судот.

**Одделот за казниви дела** постапувал по **700** новопримени предмети и **49** нерешени од претходната година или вкупно по **749** предмети. Решени се **642** предмети, а на крајот на годината останале нерешени **107** предмети.

**Одделот за граѓански дела** постапувал по **1.641** новопримени предмети и вкупно со нерешените **1.563** предмети од претходната година, во 2008 година се постапувало по **3.204** предмети од надлежноста на Врховниот суд во граѓанската област. Од нив решени се **2.025** предмети или за **667** предмети повеќе споредено со 2007 година.

Во **Советот за управни работи** во 2008 година примени се **85** предмети од надлежноста на овој совет и сите се решени.

**Советите за одлучување по барањата за заштита на правото на судење во разумен рок во прв степен** од вкупно примените **106** барања, **58** се решени, а **48** останале нерешени.

**Советот за одлучување по жалби** против одлуките на првостепениот совет примил вкупно **5** жалби, од кои **4** се решени, а **1** останала нерешена до крајот на извештајната година.

Судиите на Врховниот суд учествуваа како претседатели и членови на советите во рамките на Врховниот суд на Република македонија, именувани на Општа седница, кои заедно со претставници од другите судови одлучувале по **7** жалби против решенија на Судскиот совет за разрешување на судии.

## ОБЕМ И ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ОДДЕЛИ

### 1.ОДДЕЛ ЗА КАЗНИВИ ДЕЛА

Во Одделот за казниви дела, во текот на извештајната 2008 година, вкупно во работа биле **749** предмети по сите основи, од кои во текот на годината новопримени се **700** предмети, а од претходната година останале нерешени вкупно **49** предмети.

Во текот на извештајната година судиите решиле **642** предмети, а на крајот на годината останале **107** предмети по сите основи.






**Структурата на решените предмети**

Структура на решени предмети по видот на кривичните дела по барањето за вонредно преиспитување на правосилна пресуда - **КВП** вкупно 313 предмети, состојбата е следна:

- 21 предмети за кривично дело - Убиство;
- 4 предмети за кривично дело - Телесна повреда;
- 24 предмети за кривично дело - Тешка телесна повреда;
- 1 предмет за кривично дело - Учество во тепачка;
- 1 предмет за кривично дело - Загрозување со опасно орудие или караница;
- 1 предмет за кривично дело - Противправно лишување од слобода;
- 2 предмети за кривично дело - Загрозување на сигурноста;
- 1 предмети за кривично дело - Непреземање мерки за заштита при работа;
- 6 предмети за кривично дело - Силување;
- 1 предмети за кривично дело - Обљуба врз немоќно лице;
- 9 предмети за кривично дело - Полов напад врз малолетник;
- 1 предмети за кривично дело - Обљуба со злоупотреба на положбата;
- 2 предмети за кривичното дело - Посредување при вршење проституција;
- 1 предмет за кривичното дело - Одземање на малолетник;
- 1 предмет за кривичното дело - Промена на семејна состојба;
- 1 предмет за кривичното дело - Неплаќање на издршка;
- 29 предмети за кривичното дело - Неовластено производство и пуштање во промет на наркотичНи дроги, психотропни супстанци и прекурзори;
- 1 предмет за кривично дело - Незаконит лов;
- 12 предмети за кривично дело - Кражба;
- 26 предмети за кривично дело - Тешка кражба;
- 10 предмети за кривично дело - Разбојништво;
- 5 предмети за кривично дело - Затајување;
- 1 предмет за кривично дело - Послужување;
- 1 предмет за кривично дело - Оштетување на туѓи права;
- 17 предмети за кривично дело - Измама;

- 1 предмет за кривично дело - Измама при добивање кредит или друга погодност;
- 3 предмети за кривично дело - Изнуда;
- 1 предмет за кривично дело - Прикривање;
- 4 предмети за кривично дело - Фалсификување пари;
- 2 предмети за кривично дело - Перење пари и други приноси од казниво дело;
- 1 предмет за кривично дело - Издавање чек без покритие и злоупотреба на кредитна картичка;
- 2 предмети за кривично дело-Криумчарење;
- 12 предмети за кривично дело - Даночно затајување;
- 5 предмети за кривично дело - Предизвикување на општа опасност;
- 1 предмет за кривично дело -Предизвикување на опасност при градежни работи;
- 6 предмети за кривично дело - Тешки дела против општата сигурност;
- 4 предмети за кривично дело - Загрозување на безбедност во сообраќајот;
- 31 предмет за кривично дело - Тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот;
- 1 предмет за кривично дело - Малтретирање на починат или помлад;
- 22 предмети за кривично дело-Злоупотреба на службена положба и овластување;
- 1 предмет за кривично дело - Проневера во службата;
- 13 предмети за кривично дело - Примање поткуп;
- 1 предмет за кривично дело - Лажно пријавување на кривично дело;
- 1 предмет за кривично дело - Давање на лажен исказ;
- 1 предмет за кривично дело - Овозможување бегство на лице и лишување од слобода;
- 8 предмети за кривично дело - Фалсификување исправа;
- 1 предмет за кривично дело - Давање и употреба на невистинито лекарско или ветеринарно уверение;

- 2 предмети за кривично дело - Напад врз службено лице при вршење на работата на безбедност;
- 9 предмети за кривично дело - Насилство;
- 1 предмет за кривично дело - Самовластие;
- 17 предмети за кривично дело - Недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи;
- 11 предмети за кривично дело - Трговија со луѓе и криумчарење со мигранти;
- 1 предмет за кривично дело - Земање на заложници;
- 1 предмет по член 396 став 1 од Законот за акцизи;
- 1 предмет по Законот за шуми;
- 1 предмет по член 60 од Законот за акцизи;
- 1 предмет за кривично дело - Неизвршување на судска одлука.

Од вкупно решени 313 предмети за вонредно преиспитување на правосилна пресуда по бројот на предмети и осудени лица, состојбата е следна:

- 282 предмети со 1 обвинето лице;
- 41 предмет со 2 обвинети лица;
- 11 предмети со 3 обвинети лица;
- 5 предмети со 4 обвинети лица;
- 2 предмети со 6 обвинети лица;
- 1 предмет со 7 обвинети лица;
- 2 предмети со 8 обвинети лица;
- 1 предмет со 10 обвинети лица и
- 2 предмети со 12 обвинети лица.

Од вкупно решените **313** предмети за вонредно преиспитување на правосилна пресуда – **КВП**, **218** се одбиени, **27** уважени, **68** се решени на друг начин, а останале нерешени **64** предмети.

**Начин на одлучување**

Следејќи ја работата по предметите по сите основи по кои постапувале судиите во Одделот за казниви дела и според видот на одлуките кои се донесени, состојбата е следна.

Од вкупно решени **33** барања за заштита на законитоста-**КЗЗ** поднесени од страна на Јавното обвинителство на Република Македонија кои биле во постапка пред Одделот за казниви дела, **6** се одбиени како неосновани, а **27** се уважени.

Од вкупниот број предмети по барања за заштита на законитост-**КЗЗ,** 33 предмети биле со по едно лице, 3 предмети со по 2 лица, 1 предмет со 4 лица, или вкупно во постапка биле 37 предмети, со вкупно 43 осудени лица.

Од вкупниот број предмети по барања за заштита на законитоста, 20 предмети се од судовите на подрачјето на Апелациониот суд Скопје, од кои 19 се решени, а 1 нерешен, 10 предмети се од судовите на подрачјето на Апелациониот суд Битола, 8 решени, 2 нерешени, 7 предмети од судовите на подрачјето на Апелациониот суд Штип 6 решени и 1 нерешен.

Состојбата на предметите во постапка на трет степен - **ВКЖ** по жалби на пресуди на Апелационите судови е следна:

-Вкупно во работа биле 12 предмети од кои во извештајната година се решени 8, а останале нерешени 4.

-Од вкупно во работа 12 предмети, 7 предмети се од основните судови од подрачјето на на Апелациониот суд Скопје, 1 предмет од основниот суд од подрачјето на Апелациониот суд Битола, 2 предмети се од основните судови од подрачјето на Апелациониот суд Штип и 2 предмети од основните судови од подрачјето на Апелациониот суд Гостивар.

**Траење на постапката**

Во 2008 година ажурно се постапувало по сите видови на предмети. По одделен број на предмети не можело веднаш да се постапува поради административни пречки кои требало да бидат надминати (прибавување на списи, немање на оригинални списи, уредување на достава на второстепена пресуда, доставени докази во фотокопии и слично).

Кај предметите во кои судот постапувал во трет степен **ВКЖ**, нормално е постапката да траела подолго во фаза на проучување на предметот, а потребно било време и за закажување и одржување на седниците на советот.

Некои од предметите во судот пристигнувале и со некомплетни списи, па било потребно да се враќаат на судовите или на Јавното обвинителство на Република Македонија административно, или пак се правеле обиди тоа да го прави судијата на кого му бил распределен предметот со преписка со органот од кого е добиен предметот.

Меѓутоа, може со сигурност да се каже дека кај сите предмети кај кои постапката траела повеќе од 6 месеци, исклучива причина е што овие предмети најчесто се вратени административно до судовите за комплетирање на списите и повторно вратени во Врховниот суд на Република Македонија, а со тоа и постапката се одолговлекувала. Во Врховниот суд времетраењето на постапката во 90% случаи не траела повеќе од 1 до 2 месеца, а во исклучителни случаи до 3 месеци.

Судиите од Одделот за казниви дела постапуваа по одделни предмети од областа на организираниот криминал кои се со повеќе обвинети лица, со обемен доказен материјал и времетраењето на проучувањето на тие предмети е подолго, бидејќи се работи за особено тешки и сложени предмети.

## 2.ОДДЕЛ ЗА ГРАЃАНСКИ ДЕЛА

Во текот на 2008 година во Одделот за граѓански дела имало вкупно во работа **3.204** предмети, од кои **1.563** нерешени предмети од претходните години, а новодојдени се **1.641** предмети. Решени предмети се **2.025**, а нерешени останале **1.179** предмети. Во извештајната година е совладан заостатокот на нерешени предмети од претходна година, односно дека се решени дури **667** предмети повеќе во споредба со претходната година. Во споредба со 2007 година кога биле примени **1.499** предмети, приливот на нови предмети во 2008 година е зголемен за **142** предмети. Бројот на решените предмети во извештајната година е зголемен за 67%, кога се решени вкупно **2.025** предмети, споредбено со претходната година кога биле решени вкупно **1.358** предмети.






Споредено со 2007 година, бројот на нерешените предмети на крајот од 2008 година е намален за **384** предмети.

**Структура на решени предмети**

Гледано според правните основи во ревизиите по кои се одлучувало во Одделот за граѓански дела во текот на 2008 година, може да се констатира различност. Најмногубројни се предметите по основ работни спорови **949** предмети или **49,3%**, потоа по основ надомест на штета **337** предмети или **17,5%,** по основ на долг **252** или **13%,** сопственост и владение **177** предмети или **9,1%**, за поништување и раскинување на договор **94** предмети или **4,8%**, за неосновано збогатување **46** или **2,3%**, за станбени спорови **23** предмети или **1,1%,** за издршка **19** предмети или **0,9%**, за развод на брак **11** предмети или **0,5%**, и за други спорови **11** предмети или **0,5%.**

Кај барањето за заштита на законитоста два спора се за работни односи и еден за надомест на штета.

Причина за голем број на предмети по основот работен спор по вонредни правни лекови од една страна претставува економската состојба во земјата, односно намалување на бројот на работници кај повеќе работодавачи како резултат на економски, структурални и слични промени и друго,како и можноста да се поднесе ревизија во овие спорови без оглед на вредноста на спорот кога се работи за отказ на работниот однос. По другите основи бројот на предметите се движи во рамки и вообичаени бројки како и во претходните години.

**Начин на одлучување**

Ревизијата, како вонреден правен лек, се користи од странките за заштита на нивните права и интереси. Од вкупниот број граѓански предмети, **3.204** кои биле во работа во 2008 година по ревизија биле **3.099** предмети, односно **96,7%** од вкупниот број предмети, а од овие решени по ревизија се **1.924** предмети, односно **62%.**

Од решените **2.025** предмети, содржината на одлуките по ревизии изгледа вака: одбиени се **997**, односно **49,2%**, преправени **111,** односно **5,4%**, укинати **176**, односно **8,6%**, отфрлени **506**, односно **24,9%** и на друг начин решени се **134**, односно **6,6%.**

Според бројот на одбиените ревизии, споредбено со претходните години, резултатите изгледаат вака: во 2003 година е **45,16%**, во 2004 година **38,6%**, во 2005 година **40,33%**, во 2006 година **60%**, во 2007 година **54,5%,** а во 2008 година **49,2%**. Од овие бројки се гледа дека процентот на одбиените ревизии во 2008 година, како неосновани споредбено со претходната година е намален.

Состојбата кај апелационите судови по однос на одбиените ревизии во 2008 година изгледа вака:

**Апелациониот суд Скопје** од вкупно **1.089** решени ревизии, **536** ревизии биле одбиени како неосновани или **49,2%**, отфрлени **327** или **30%**;

**Апелациониот суд Битола** од вкупно **607** предмети, **336** ревизии биле одбиени како неосновани или **55,3%**, отфрлени **128** или **21%** и

**Апелациониот суд Штип** од вкупно **224** предмети, **125** ревизии биле одбиени како неосновани или **55,8%**,отфрлени **47** или **10,7%.**

**Апелациониот суд Гостивар** од вкупно **4** предмети, биле отфрлени 4 ревизи.

Преиначувањето на побиваните одлуки настанува кога фактичката состојба е правилно и целосно утврдена, а погрешно е применето материјалното право. Ако се споредат бројките за последните години, состојбата е следна: во 2003 година **49** или **4,4%**, во 2004 година **31** одлука или **4,7%**, во 2005 година **18** или **2,7%**, во 2006 година **88** или **10,26%**, во 2007 година **52** или **5,1%,** а во 2008 година **111 или 5,7%**. Овие бројки покажуваат дека преиначувањето на судските одлуки во последната година е незначително зголемен споредбено со претходната извештајна година. Тоа значи дека нема значителни промени на резултатите на Апелационите судови што се однесува на овој дел од работењето споредено со претходната година.

Состојбата на апелационите судови по однос на преиначени ревизии во 2008 година изгледа вака:

- **Апелациониот суд Скопје** од вкупно **1.089** решени ревизии, биле преиначени **51** или **4,6%;**
- **Апелациониот суд Битола** од вкупно **607**решени ревизии, биле преиначени **49** или **8%** и
- **Апелациониот суд Штип** од вкупно **224** решени ревизии, преиначени се **11** ревизии или **4,9%.**

Причините за укинувањето на судските одлуки, гледано низ бројчаните показатели изгледа вака: од вкупно **176** укинати одлуки, по основ суштествени повреди на постапката се **139** или **78,9%**, а поради погрешна примена на материјалното право и со тоа нецелосно утврдена фактичка состојба **37** или **21%.** За утврдување на причините за ваквиот соодное на укинати судски одлуки треба посебно истражување. Без оглед на резултатите од истражувањето, неодминлив е впечатокот дека треба да се работи на подобрување на квалитетот во работењето.

Резултатите по однос на укинатите одлуки по Апелационите судови се следни:

Апелациониот суд Скопје од вкупно **1.089** предмети, **89** се укинати или **8,1%**;
Апелациониот суд Битола од вкупно **607** предмети, **57** се укинати или **9,3%** и
Апелациониот суд Штип од вкупно **224** предмети, **30** се укинати или **13,3%.**

**Барање за заштита на законитоста како вонреден правен лек**, го подигнува Јавниот обвинител на Република Македонија против правосилни судски одлуки донесени во прв и втор степен. Со оглед на тоа што Законот за парнична постапка ("Сл.весник на РМ" бр.79/2005) кој се применува од 29 декември 2005 година, како вонреден правен лек не предвидува барање за заштита на законитоста, во текот на 2008 година биле примени само **2** предмети, останал нерешен од претходната година **1** предмет, или во текот на извештајната година вкупно во работа биле **3** предмети. Сите овие предмети се решени во текот на извештајната година. Притоа, **2** од предметите се укинати, а по **1** предмет барањето за заштита на законитоста е отфрлено.

**Одделот за граѓански дела** освен по вонредни правни лекови, одлучувал и по други предмети кои му се ставени во надлежност. Така, предмети за судир на надлежност, определување на друг стварно надлежен суд, продолжување рок за поднесување на тужба за оспорување на татковство, биле во работа вкупно **102** предмети и од овие решени се **98** предмети, или **96%**, а останале нерешени **4** или **3,9%**. По овие предмети во 2008 година, одлучуваа два совета од по тројца судии.

**Траење на постапката**

Во 2008 година од вкупно решени **1.924** предмети, траењето на постапката

- до 3 години била кај **1.011** предмети,
- до 1 година кај **700** предмети,
- до 6 месеци кај **40** предмети,
- до 3 месеци кај **80** предмети и
- до 1 месец кај **78** предмети,

што значи најголем број на предмети биле решени во времетраење на постапката од над 6 месеци. Очигледно за добар дел од предметите постапката пред овој суд сеуште релативно долго трае, иако неспорно тој тренд оди кон подобрување.

Ваквата состојба е резултат на релативно големиот обем на работа, околност која се очекува значително да се подобри во наредната година.

## 3.СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ СОВЕТИ
## СОВЕТ ЗА УПРАВНИ РАБОТИ

Во 2008 година во Врховниот суд на Република Македонија беше формиран еден специјализиран совет за управни работи, согласно со член 35 став 3 од Законот за судовите („Сл.весник на РМ“ бр.58/06), според кој Врховниот суд на Република Македонија е надлежен да решава во втор степен по жалбите против одлуките на Управниот суд по барањата за донесување на времени мерки од член 15 од Законот за управните спорови, по жалбите против одлуките на Управниот суд кога странките барале одржување на јавна расправа, по жалбите против одлуките на Управниот суд по барањата за заштита на слободите и правата загарантирани со Уставот, по барањата за заштита на законитоста поднесени против одлуките на Управниот суд по вложените барања за повторување на управната постапка, по барањата за повторување на постапката предвидени со преодните и заврши одредби на Законот за управните спорови и по барањата за вонредно преиспитување на судски одлуки.

Во 2008 година беа примени **79 предмети по жалби** против одлуките на Управниот суд, **5 барања за повторување на постапката** и **1 барање за вонредно преиспитување на судска одлука во управен спор.**

Според области, најмногубројни беа предметите од **имотноправната област, урбанизмот и градежништвото и статусните прашања,** а во помал обем беа застапени предмети од областа на катастарот, стопанството и водостопанството, сообраќајот и врските, даноците, права од пензиското и инвалидското осигурување, права од социјалната заштита, невработеноста, здравственото осигурување и придонеси за пензиско и инвалидско осигурување и здравствено осигурување.

Од вкупно **79 жалби** против одлуки на Управниот суд

- **50** жалби беа **одбиени,**
- **17** беа **уважени**,
- **10** решени **на друг начин,**
- **1** жалба **отфрлена** и по
- **1** жалба постапката беше **запрена.**

Од вкупно **5 барања за повторување на постапката** пред Врховниот суд на Република Македонија

**- 3** беа **отфрлени,**

**- 1 одбиено** и

**- 1** решено на **друг начин.**

Едно барање за вонредно преиспитување на пресуда на Врховниот суд на Република Македонија во управен спор е отфрлено.

**СОВЕТИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО БАРАЊАТА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СУДЕЊЕ ВО РАЗУМЕН РОК**

Согласно со член 35 став 6 од Законот за судовите, според кој Врховниот суд на Република Македонија одлучува по барањата за заштита на правото на судење во разумен рок, во Врховниот суд на Република во 2008 година беа формирани три совети од по тројца судии од кои два совети по тројца судии за одлучување по барањата за заштита на правото на судење во разумен рок од областа на граѓанската и управната материја, еден совет од тројца судии за одлучување по барањата за заштита на правото на судење во разумен рок од областа на кривичната материја и еден совет од пет судии за постапување по жалбите против одлуките на овие три совети.

Во 2008 година беа примени вкупно **106 барања за заштита на правото на судење во разумен рок,** од кои

**- 58** се решени,

**- 48** останаа нерешени.

**-** по **17** предмети барањата беа **одбиени**

**-** во **8 уважени**

**-** во **32 отфрлени** и

**- 1** решен **на друг начин.**

Беа примени вкупно **5 жалби** против одлуките на советите од тројца судии во предметите за заштита на правото на судење во разумен рок. Четири предмети се решени, а еден не е завршен. Сите четири жалби беа одбиени.

## II. РАБОТА НА ОПШТАТА СЕДНИЦА НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (член 37 од Законот за судовите) И СЕДНИЦА НА СУДИИ

Согласно со член 37 од Законот за судовите, во исполнување на Уставните и законските надлежности, Претседателот и сите судии на Врховниот суд на Република Македонија учествуваа во работата на Општата седница.

Врховниот суд на Република Македонија во текот на 2008 година има одржано **16 Општи седници** на кои се разгледувани повеќе прашања:

-Одлучување по 2 барања за заштита на законитоста на Јавниот обвинител на Република Македонија, подигнати против пресудите на советите во Одделот за казниви дела и Одделот за управни спорови.

-Разгледан е и усвоен Извештајот за работата на Врховниот суд на Република Македонија за 2007 година.

-На проширена Општа седница во два дена се разгледани Извештаите за работата на судовите во Република Македонија за 2007 година и усвоени оценки и заклучоци по истите.

-Дадено е мислење за примена на одредбите од член 66 до член 69 од Законот за управните спорови, во врска со надлежноста на Врховниот суд на Република Македонија да постапува по вонредни правни средства.

-Разгледани се предлози за времено упатување на судии во основните судови.

-Давање мислење за бројот на судии во Врховниот суд, Управниот суд, апелационите и основните судови.

-Утврдување мислење за измена и дополнување на Распоредот за работа на Врховниот суд на Република Македонија за 2008 година.

-Одлучување по приговорите на судиите против Годишните распореди за работа на судот, донесени од претседателите на судовите.

-Формирани се Совети за одлучување по 7 жалби, изјавени против решенијата за разрешување на судии, донесени од Судскиот совет на Република Македонија.

-Утврдено е мислење по повод барањето на Државната изборна комисија, по прашањето кој суд е надлежен да решава во постапката за заштита на избирачкото право на подносителите на листите односно избирачите.

-Формирани се совети од петмина судии по пат на ждрепка во постапката за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија во 2008 година.

-Утврдени се начелни правни мислења (две).

-Именување заменик член на Управен одбор на Академијата за обука на судии и јавни обвинители заради престанок на мандат на судија.

**СЕДНИЦА НА СУДИИ**

Во Врховниот суд на Република Македонија на Седница на судиите биле разгледувани прашања, во врска со постапувањето по изборните предмети и усвојување на Одлуката за начинот на изборот на судии во совети од петмина, по пат на ждрепка, во постапката за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија во 2008 година и прашања во врска со постапувањето по изборните предмети.

**III. ДРУГИ АКТИВНОСТИ**

Сите судии од Одделот во текот на извештајната 2008 година активно учествувале во работата и одлучувањето по предметите што се разгледувани по вонредни правни средства на Општа седница, како и во разгледување и одлучување по други материјали изнесени на Општа седница и седниците на колегиумот.

**Одделот за казниви дела** во текот на 2008 година расправал по разни материјали и информации што му биле дадени во надлежност за произнесување од Министерството за правда и други институции по кој се завземени одредени становишта, а биле разгледувани и донесувани правни прашања по одредени прашања. На седници на оддели биле разгледувани и прашања кои биле доставени од трите Апелациони судови - кривичните оддели за заеднички средби на трите Апелациони суда на кои средби учествувале и судии од одделот.

Во текот на извештајната 2008 година, судиите извршија и работни посети на неколку основни судови.

Судиите, државните советници, советници и вишите соработници во извештајната година активно учествувале и на повеќе конференции, семинари и

советувања организирани од страна на Министерството за правда, Здружението на судии на Република Македонија, Академијата за судии и јавни обвинители, Советот на Европа, ОБСЕ и други.

Во текот на 2008 година **Одделот за граѓански дела** според Програмата за работа за 2008 година, редовно одржуваше бројни седници на кои се расправало за разни правни прашања кои произлегуваа од предметите, правни прашања и проблеми поставени од основните и апелационите судови, по кои се договорени ставови, донесени правни мислења и заклучоци по истите.

Судиите од Одделот за граѓански дела во текот на извештајната година, покрај предметна ангажираност, учествувале и во работни тела и комисии за повеќе законски проекти, семинари, едукации и студиски патувања, при што таквата нивна ангажираност немало негативно влијание за редовното работење на Одделот.

Судиите извршија посета на дел од основните судови и на Апелационите судови во Република Македонија, согласно Програмата и Распоредот на овој Оддел за посета на судови во 2008 година. Остварени се и посебни работни средби со одделите за граЃански дела на Апелационите судови на кои, освен редовната размена на мислења по правни прашања, посебно е расправано за дилемите околу примената на Законот за парничната постапка како и примена на Законот за Работни односи.

## IV. РАБОТА ВО ВРСКА СО ПРЕТСТАВКИТЕ И ДРУГИТЕ ОБРАЌАЊА ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во текот на 2008 година во Врховниот суд на Република Македонија, примени се вкупно **747** поднесоци.

Од вкупниот број на поднесоци, **183** се барања за побрзо решавање на предметите по поднесени ревизии, **473** претставки и **91** други поднесоци.

Според Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија, Претседателот од вкупно **183** барања за приоритетно решавање на предмети по поднесени ревизии, одобрил **116**.

Во **12** случаи до Судот се обратил Народниот правобранител, во **29** случаи Министерството за правда, во **10** случаи Судскиот совет на Република Македонија и во **4** случаи Хелсиншкиот комитет за човекови права.

Претставките најчесто се однесуваат на долгото траење на постапките пред основните судови, како и на работата и однесувањето на поедини судии и претседатели. На сите претставки, Врховниот суд одговорил и постапил по Законот за судовите и Судскиот деловник.

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

На покана на Претседателот на Европскиот суд за човекови права, Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија во периодот од 23 до 27 јануари 2008 година присуствуваше на традиционалната свеченост по повод Годишнината од официјалното отварање на Европскиот суд за човекови права и семинарот организиран по тој повод на тема "Европската конвенција за човекови права помеѓу меѓународното право и уставното право".

Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија присуствуваше на IX-тата меѓународна Конференција на Претседатели на Врховни судови, која се одржа во Лакноу и Њу Делхи, Индија, на тема "Зајакнување на улогата на меѓународниот суд на правдата".

Во текот на годината, Врховниот суд на Република Македонија го посетија делегации и претставници на повеќе меѓународни организации и институции:

- Претставник на Одделот за извршување на пресуди при Европскиот суд за човекови права во Стразбур. Предмет на интерес претставуваше извршувањето на пресудите на Европскиот суд за човекови права кои се однесуваат на Република Македонија, со преземање и спроведување на индивидуални и генерални мерки, со цел намалување на повредите на правата од Европската конвенција за човекови права и намалување на бројот на апликации против Република Македонија.

- Членови на Оценска мисија СИГМА, со цел проценка на состојбите во областа на државната служба и системот на националниот интегритет во Република Македонија, како земја кандидат за пристапување кон Европската Унија.

- Шефот на Одделот на владеење на правото на Мисијата на ОБСЕ, со цел запознавање со состојбите и активностите кои се преземаат во текот на реформата на судството во Република Македонија.

- Делегација на Проектот на УСАИД за модернизација на судството, која ги презентираше планираните активности поврзани со апликацијата за автоматско управување со предметите, како и со изработената финансиска студија за судскиот буџет во Република Македонија.

- Делегација на Светска банка во Република Македонија, со цел презентирање на преземените чекори по поединечните компоненти покриени со Проектот за правна и правосудна имплементација и институционална поддршка.

- Раководителот на програмата ОБДАТ при Амбасадата на САД во Република Македонија, за запознавање и согледување на состојбите во судството во Република Македонија, со посебен осврт на планот на едукацијата на судиите и судската администрација, како и транспарентното работење на судовите во Република Македонија.

- Амбасадорот на делегацијата на Европската комисија на Европската Унија во Република Македонија. Средбата беше посветена на извештајот за напредокот на Република Македонија кон Европската интеграција во делот на судството во Република Македонија.

- Директорот на УСАИД, за таргетирање на приоритетните области за поддршка од страна на Американската Амбасада преку Проектот на УСАИД.

По барање на Министерството за правда на Република Македонија, Министерот за правда на Република Црна Гора оствари протоколарна посета на Врховниот суд на Република Македонија. За време на средбата се разменија мислења за организационата поставеност, надлежноста и тековните состојби на судството во Република Црна Гора и Република Македонија.

- Официјална посета на мониторинг комисија за почитување на обврските и заложбите на земјите членки на Советот на Европа, со цел согледување на напредокот и достигнувањето на македонското судство од аспект на владеење на правото и обезбедување на независноста на судството од страна на извршната и законодавната власт.

- Протоколарна средба на Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија и Амбасадорот на САД. Целта на посетата беше разгледување на следните чекори во судската реформа со изразување спремност на Американската Амбасада, секогаш да ги поддржуваат позитивните текови во македонското судство.

- Експертска посета на делегација на програмата ТАЕКС на Европската комисија на Европската Унија, во рамките на инструментот за поддшка и имплементација на Законот за управни спорови, со цел согледување на состојбите со примената на Законот.

## V. ЗАКЛУЧНИ КОНСТАТАЦИИ

**1.** Во Врховниот суд на Република Македонија во 2008 година биле примени вкупно **4.166** предмети по сите основи. На крајот на извештајната година останале нерешени **1.335** предмети од сите основи.

**2. Одделот за казниви дела** извештајната 2008 година ја завршил како ефикасен. Остатокот од **107** нерешени предмети, се должи на фактот што определен број предмети се примени во последните два месеци од извештајната година и тие не можат да бидат земени во работа од објективни законски рокови поврзани со мислења на странките.

**3. Одделот за граѓански дела** во извештајната 2008 година решил **2.025** предмети, дури **667** предмети повеќе споредено со 2007 година. Причината за ваквата подобрена состојба е фактот дека во Одделот во тековната година работеа 12 судии и зголемен број на советници. Ангажманот на судиите и советниците во Одделот се оценува како ефикасен. Со таков однос, Одделот ќе продолжи и во наредната година, посебно

имајќи го предвид зголемениот број на ангажирани судии и советници во Одделот, доволен основ за очекување дека резултатите ќе бидат подобри од извештајната година, а што ќе доведе до уште побразо и поефикасно одлучување по предметите.

**4.**Надлежноста на Врховниот суд на Република Македонија за одлучување по барањето за заштита на правото на судење во разумен рок и показателите за бројот на примени и решени предмети по овој основ во прв и втор степен, како и очекуваниот прилив во 2009 година, ја налага потребата од формирање на посебен оддел за судење во разумен рок со измена на Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Македонија.

**5.**Врховниот суд на Република Македонија во остварување на уставната функција и надлежност, обезбедување на единствена примена на законите од страна на сите судови во Републиката и воедначување на судската пракса, ќе продолжи и во наредната година да остварува посети на основните и апелационите судови.

**6.**Врховниот суд на Република Македонија ќе изработува сентенци кои ќе бидат одобрени на седница на одделите, заради објавување на Web страницата на Врховниот суд на Република Македонија, а во иднина ќе се настојува сите одлуки на Врховниот суд на Република Македонија да бидат достапни на јавноста преку Web страната на Врховниот суд на Република Македонија.

**ВРХОВЕН СУД**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**